ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл.весник на РМ бр:53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл.весник на РСМ 89/22), Општина Гевгелија на ден 16.07.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 – општина Гевгелија, со тех.бр. 0801-920/22 од јули 2024год., изработен од ,,БИЛД УРБАН,, дооел од Скопје, кој го донесува Советот на Општина Гевгелија согласно Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2023 година бр. 09-2558/1 од 27.12.2022 година, не е потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гевгелија на следната веб адреса: www.gevgelija.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 – општина Гевгелија, согласно Законот за урбанистичко планирање нема да има влијание врз животната средина.

4. Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо. Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води, влијанието врз почвата, влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи. Позитивни влијанија ќе има врз социо-економската состојба на населението преку вработување и економска благосостојба .

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр. 11-22/3**
**16.07.2024 год.**
**Гевгелија**

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.2, Општина Гевгелија |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | БИЛД УРБАН д.о.о.е.л од Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Гевгелија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бојан Муличковски, диа |
| Назив на работното место | Планер потписник |
| Контакт податоци за лицето | 075410187 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Изработката на на овој плански документ произлегува од реализација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година бр.09-2558/1 од 27.12.2023г. и се спроведува согласно:<br>- Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23)<br>- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, (бр. 225/20, 220/21, 104/22 и 99/23)<br>- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.С.М“ бр. 219/21, 104/22 и 99/23). | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Да, Детален урбанистички план за дел од блок 10.2, Општина Гевгелија | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да, мала област од локално значење. Површината на планираниот опфат изнесува 3,44 ha. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Деталниот урбанистички план како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законска регулатива, односно:<br>- Рационално искористување на градежното земјиште;<br>- Дефинирање на единици на градежно земјиште со урбанистички параметри во согласност со намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;<br>- Дефинирање на сообраќајната мрежа и нејзино оптимизирање, како и сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);<br>- Оптимално димензионирање и доизградба на водоводна инфраструктура;<br>- Оптимално димензионирање и доизградба на канализациона фекална и атмосферска инфарструктура;<br>- Оптимално димензионирање и доизградба на електро-енергетска инфраструктура; | | | |

| |
|---|
| - Оптимално димензионирање и доизградба на телекомуникациската инфраструктура;<br>- Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Планскиот период за кој се изработува планскиот документ е 2023-2028 година. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| По истекот на планскиот период. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Границите на планскиот опфат се следните:<br>- на север границата на опфат минува низ кп 2303, 2377 и 2374 КО Гевгелија, односно по осовината на улица „Новопланирана 8“ од Имена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.2 Општина Гевгелија (Одлука бр. 09-1431/1 од 24.09.2021г.<br>- на исток границата на опфат минува низ кп 2382, 3057, 2384/1, 2977/1 и 2477/1 КО Гевгелија односно по осовината на улица „Новопланирана 6“ од Детален урбанистички план за блок 10.2 Општина Гевгелија (Одлука бр. 07-978/1 од 16.05.2013г);<br>- на југ границата на опфат минува низ кп 2977/1 КО Гевгелија односно по осовината на Булевар „Гевгелија“ од ГУП за град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012г);<br>- на запад границата на опфат минува низ кп 2303 КО Гевгелија односно по осовината на Улица „7ми Ноември“ од ГУП за град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 година); |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијанијата кои се претпоставува дека може да произлезат од имплементацијата на овој план може да се рагледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија од аспект на просторниот развој, оптимално искористување на градежното земјиште, хармонизација и уредување на просторот. Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: Несоодветно управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанијата врз амбиенталниот воздух. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | При реализација на планот се очекува движење на возила и механизација, и не се очекува да има подолготрајно влијание врз животната средина во целост. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во пошироkиот регион или климатски промени. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 година, во општината Гевгелија регистрирани се вкупно 21.582 жители. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Подобрување на начинот на живот на населението, подобрување на сообраќајната поврзаност и комуналната инфраструктура. Се работи за плански опфат со поголем процент на застапеност на комерцијални намени во склоп на планскиот опфат и може да се очекуваат позитивни економски влијанија. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа на опфатот ќе овозможи зголемена вредност на земјиштето и ќе манифестира позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е |

| | |
|---|---|
| | предмет на разработка со деталниот урбанистички план нема евидентирано природно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина ниту на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Од анализите на постојната состојба земјиштето во овој опфат е во најголем процент изградено и во целост претставува градежно земјиште. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема евидентирани заштитени подрачја и посебни пејсажни вредности. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со планскиот документ се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање на данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите коишто локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Во близина на планскиот опфат има резиденцијални објекти, но се на доволно еастојание како не би имало негативни влијанија како бучава и зголемен сообраќаен метеж.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Од аспект на животната средина имплементацијата на планските содржини со планот може да генерираат емисии кои предизвикуваат влијанија врз медиумите од животната средина.

Зголемената фрекфенција на возила може да влијае на квалитетот на воздухот.

Нивото  на бучава  се зголемува со работните активности и превозните средства.

Можно е загадување на водата со генерирање на санитарни и атмосферски отпадни води.

Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води може да го наруши квалитетот на почвата.

Во предметниот опфат постои и евидентирано заштитено културно историско наследство.

Од аспект на одржливост донесувањето на планскиот документ позитивно ќе влијае на

| |
|---|
| привлекувањето на нова работна сила, економски раст, подобрување на животниот стандард на населението. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина: - зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите); - зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација); - зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлатација на објектите предвидени во планскиот опфат); |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Овој плански документе поврзан со следниве документи:<br>• Просторен план на РМ;<br>• ЛЕР Гевгелија 2011;<br>• Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторингнаживотнатасредина<br>•Генерален урбанистички план за град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 година); |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Има спроведено стратегиска оцена при донесувањето на Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Гевгелија, општина Гевгелија и истата може да се искористи при донесувањето на овој плански документ, бидејќи Деталниот урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија како план од понизок ранг произлегува од донесениот ГУП и не постојат разлики во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ од веќе донесениот плански документ од повисок ранг. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе |

обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презимеи потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на општина Гевгелија<br>Андон Сарамандов |
| Датум 16.07.2024<br>Место Гевгелија | М.П. |

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 26.11.2024

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП1-15-1496/2024

Дата/Data: 15-11-2024

До: Општина Гевгелија

Ул. Димитар Влахов бр. 4

1480 Гевгелија

Република Северна Македонија

Предмет: Известување

Врска: ваш бр. 11-22/4 од 24.07.2024 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под бр.УП1-15-1496/2024 од 29.07.2024 год., поврзано со постапка за носење на планска документација за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 – Општина Гевгелија, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина бр. 11-22/3 од 16.07.2024 год. и Формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Deri te: Komuna e Gjevgjelisë

Rr. Dimitar Vlahov nr. 4

1480 Gjevgjeli

Republika e Maqedonisë së Veriut

Lënda: Njoftim

Lidhja: numri juaj 11-22/4 nga data 24.07.2024

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. UP1-15-1496/2024 nga data 29.07.2024, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Ndryshimin dhe plotësimin e Planit detal urbanistik për një pjesë të Bllokut 10.2 – Komuna e Gjevgjelisë, ju informojmë se, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi juaj për mosrealizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor me nr. 11-22/3 nga data 16.07.2024 dhe Formulari, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Зарије Абази/Zarije Abazi, помлад соработник/bashkëpunëtor i ri
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска, помошник раководител на сектор/ndihmës udhëheqës i sektorit
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi:Resmi Ejupi/Ресми Ејупи, Државен секретат/Sekretar shtetëror
Согласен /Me pëlqim të: Недим Рама/Nedim Rama, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit
Согласен /Me pëlqim të: Хусамед Агушовски/Husamed Agushovski, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit